# FOREVER

N. MACEDONIA

Септември 2019 | Број 215


**SUCCESS DAY**

**19.10.2019**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**





# Следете го вашиот личен развој





**Моќта на личниот развој е во неговата способност да ви помогне да станете личност каква што сакате да бидете.**

Како дел од семејството на Форевер сите ние имаме среќа да располагаме со глобална мрежа за поддршка и бизнис модел кој ни дозволува на сите да одиме заедно нагоре и взаемно да го споделуваме успехот. Но постигнувањето на целите исто така до голем степен е и лично патешествие, пораст, промена и предизвик.

Ернест Хемингвеј рекол дека нема ништо благородно во тоа да бидеш повисоко од другиот, туку вистинското благородништво се раѓа тогаш кога човек се издигнува над поранешното „јас". За мене овој цитат доаѓа до самата суштина на личниот развој. Ако секогаш се стремите да учите, усовршувате и се развивате, немате време да мислите за пречките, бидејќи секој предизвик ве тера да продолжите да работите за остварување на вашите цели.

За да го следам личниот развој, јас сакам на секои два-три месеци да си поставувам неколку конкретни прашања на кои можам лесно да одговорам и да преземам мерки ако е потребно. На пример, дали се грижам за добрата физичка и психичка благосостојба со вежбање, исхрана и учење на нови нешта? Ваков тип прашања ми помагаат да останам фокусиран на мојот развој и мислам дека се корисни и за вас. Еве неколку работи кои треба периодично да се запрашате, за да одредите на што е добро да поработите.

**Колку често излегувате од непосредната околина за да разговарате со нови луѓе?**

Нашите интеракции со другите се многу важни, за да ја продлабочиме нашата емпатија и да добиеме нов поглед за светот околу нас. Ова нема да се случи ако не ја проширите околината. Обидете сè да запознаете нови луѓе. Дозволете им да го прошират вашиот поглед и збогатете го нивниот  живот споделувајќи го вашиот уникатен светоглед.

**Што направивте во последно време за да го подобрите здравјето и исхраната?**

Да се стремите да сте во возможно најдобра физичка форма, ќе ви помага да сте силни и психички. Не само што ќе се чувствувате поостри и помотивирани, туку и кога изгледате и се чувствувате подобро, другите тоа го забележуваат. Уште поважно, дополнителната енергија и јасност на умот ќе го одржат вашиот фокус. Јас секој ден задолжително пијам по еден мини гел од алое вера со растворена ќесичка АРГИ+, за да сум сигурен дека на телото му ги обезбедувам потребните нутриенти за добар старт.

**Дали се здобивте со нова вештина или го проширивте своето знаење?**

За мене ова е еден од најважните аспекти на личниот развој. Живееме во ера во која располагаме со толку многу информации и е полесно од секогаш да ја задоволиме жедта за знаење. Усвојувањето на нова вештина ќе го одржува вашиот мозок во форма, ќе ве тренира да гледате поинаку на работите и ќе ви предложи нов пристап кон тешкотиите и различни начини за решавање на проблемите.

**Како придонесовте светот да стане поубав?**

Да им се помага на другите е моќен начин за развој на личноста. Да го олесниме животот на некој друг не само што ни носи лично задоволство, туку и кога ги поткрепуваме луѓето на кои судбината не им е наклонета, имаме можност да ги погледнеме сопствените проблеми и предизвици од дистанца.

Следниот пат кога ќе се чувствувате малку збунети или имате чувство дека сте во застој, запрашајте сè што можете да направите за да продолжите да растете. Мислам дека ако се концентрирате на личниот развој, ќе видите дека тоа ќе ви даде нова перспектива и ќе ви помага да ги надминете тешкотиите чие постоење можеби и не сте  го признавале досега, и уште повеќе ќе го зајакне вашиот бизнис.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**



# Редефинирајте ги своите граници



**Многумина знаат колку сакам да одам во Африка. Ја сакам културата, луѓето, храната и се разбира животните. Секогаш кога сум таму сакам да ја видам неверојатната дива природа, особено слоновите. Да се радуваш на тие моќни животни во нивната природна средина е навистина инспиративно и незаборавно. Импресиониран сум не само од нивната големина, туку и од нивната интелигенција, грижливост и издржливост – квалитети кон кои се стремат многу од луѓето.**

Но слоновите ме потсетуваат за една важна лекција – дека независно колку и да станете силни, влијателни и интелигентни, и најмалите работи можат да ве сопнат ако им дозволите.

Имам слушнато приказна за дресер кој ги држел слоновите зад сосема симболична ограда – достигала едвај до човечко колено. Еден ден некој го прашал што ги запира животните да ја пречекорат. Сепак огромните суштества требало само малку да подигнат нога и лесно да ја прегазат оградата. Како можело така моќно животно да е толку близу до слободата, а да се остави да биде ограничено од нешто така незначително?

Дресерот одговорил дека кога слоновите биле мали, оградата била доволно висока и колку и да се обидувале, не можеле да ја прескокнат. По многу обиди тие сфатиле дека е физички невозможно да преминат од другата страна и се откажале. Иако брзо порасннале доволно за да можат да ја преминат оградата, тие не пробале никогаш повеќе, бидејќи првите неуспешни обиди се запечатиле во нивниот ум. Нивниот ум станал далеку поголема бариера отколку што минијатурната ограда некогаш би можела да биде.

Мислам дека многумина добро ја разбираат приказната и како е да те запираат претпоставени ограничувања за кои дури и не сме свесни дека сме ги надминале. Дали ви се случува да не сте во состојба да ги надминете бариерите кои или сами сте си ги поставиле, или сте им дозволиле на другите да ги постават околу вас? Според мене секој од нас си создал такви бариери и поради некоја причина некои од нив продолжуваат да ни се чинат повисоки отколку се всушност, независно колку учиме и растеме како луѓе.

## РОДЕНИ СТЕ ДА СТЕ СЛОБОДНИ И ДА ГО ИЗУЧУВАТЕ СВЕТОТ.

Ако отстапите чекор назад и размислите каде сакате да бидете или што се надевате да постигнете, какви препреки гледате? Можеби сте се зарекле никогаш повеќе да не говорите пред луѓе заради еден-единствен засрамувачки момент или сте се откажале од уметност или музика, бидејќи некој ви кажал дека не ве бидува. Можеби се сомневате и во однос на вашиот бизнис, бидејќи некој ве натерал да си мислите дека не сте за претприемач или пак сами сте започнале да си повторувате дека не го поседувате потребното за да раководите сопствен бизнис?

Дали тоа не се ситни огради кои сте ги издигнале во својот ум? Дали не сте се оставиле да ве ограничува бариера која лесно можете да ја пречекорите, исто како слоновите од приказната? Вистината е дека вие многу повеќе наликувате на дивите слонови кои шетаат по африканските рамнини – слободни да го истражувате светот и да живеете комплетно! Само треба да осознаете дека вашето патешествие не започнува со огромен скок во неизвесното, туку со мал чекор преку минијатурна преграда кон свет кој сте родени да го истражувате.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**




# Честитки на квалификуваните СФБ за викенд и обука во Боровец 8-10 ноември:

## КВАЛИФИКУВАНИ ЗА ЕДНО ЛИЦЕ

Александров Душан
Здравковска Гордана
Димовски Љубомир
Јовановска Даница
Јовановски Ирена
Лефковска Марија
Маџова Слаѓана
Мешкова Миглена
Милеска Билјана
Милосављевиќ Драгица
Наќеска Ивана
Николиќ Гордана
Петровска Македонка
Пипонска Ѓорѓиевска Славица
Ристовска Соња
Стојчевска Александра
Трајкова Емилија

## КВАЛИФИКУВАНИ ЗА ДВЕ ЛИЦА

Апостолоски Александар
Гелевска Роза
Георгиевски Жарко
Георгиев Дончо
Димовска Стевица
Златковска Вера
Кајтазова Босилка
Милошевска Тања
Пановска Оливера
Симеонова Манева Рахела



# Да подадеме рака, да го промениме животот

**Човечки е кога нѝ е тешко, да се задлабочиме во сопствените проблеми и да заборавиме дека насекаде околу нас има луѓе во доста потешка ситуација, кои често немаат и една десетина од тоа со кое ние располагаме. Да се потсетиме дека сме благодарни што имаме шанса да ги користиме можностите кои Форевер нѝ ги дава за да го промениме својот живот, а исто и дека преку бизнисот можеме да им помагаме и на многу други луѓе околу нас да живеат подобро.**



Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Често говорам како Форевер му дава можност на секого да си го промени животот и да стане сам господар на својата судбина. Кога си спремен да вложиш труд, да инвестираш време, да правиш сè што е неопходно а не само тоа што го сакаш, резултатите не заостануваат. Секој ден гледаме како сè повеќе сопственици на Форевер бизнис постигнуваат успех во маркетинг планот на компанијата и го менуваат својот живот на подобро – се здобиваат со слобода, стануваат финансиски независни, ги исполнуваат своите мечти.

Сето ова бескрајно нè радува и знаеме дека зад секој успех се кријат многу жртви, неуморна работа, бессони ноќи, надминување на негативизмот и на различни пречки. Човечки е кога нѝ е тешко, да се задлабочиме во сопствените проблеми и да заборавиме дека насекаде околу нас има луѓе во доста потешка ситуација, кои често немаат и една десетина од тоа со кое ние располагаме. Да се потсетиме дека сме благодарни што имаме шанса да ги користиме можностите кои Форевер нѝ ги дава за да го промениме својот живот, а исто и дека преку бизнисот можеме да им помагаме и на многу други луѓе околу нас да живеат подобро. Едниот начин е да ги запознаваме со Форевер, производите и можноста за бизнис, а другиот е да одделиме од заработеното за да ги помогнеме тие на кои им е најпотребно. Бидејќи секој акт на добрата ќе нè надживее. Подавајќи му рака на некого создаваме верижна реакција, му даваме сила и тој да ја олесни ситуацијата на неговото семејство и на заедницата, за да се надгради врз доброто што сме го направиле.

Дали знаете дека на планетата живеат 820 милиони луѓе кои не се хранат доволно за да се здрави и да живеат нормално? Обезбедувајќи храна на дете, ние му даваме нешто повеќе од полно стомаче – му даваме можност да учи, да мечтае и да расте, наместо да се тревожи дали ќе има што да јаде. Затоа во 2015-та Форевер стана партнер на благотворна организација која има за цел да стави крај на гладот во целиот свет до 2030 год. За Рекс и Грег соработката со „Да се исправиме против гладот" е исклучително важна и сигурно сте забележале дека тие не пропуштаат лично да се вклучат во локалните настани за пакување на храна и да нѝ дадат пример како секој од нас може да помогне.

Само година по почетокот на благородното партнерство, во 2016-та на Глобалното рели во Јоханесбург, ние и водечки сопственици на Форевер бизнис имавме можност лично да се увериме во влијанието на времето и средствата што ги даруваме врз животот на цели семејства од сиромашни региони во Африка. Видовме како деца кои живеат во исклучително тешки услови и до неодамна им се заканувала неисхранетоста и болести, веќе имаат соодветна исхрана и здравствена нега. Тогаш раководниот тим на компанијата одлучи да направи сè што е можно за да го прошири партнерството со „Да се исправиме против гладот" и со заеднички напори за две години да дариме и спакуваме уште пет милиони порции храна.

Досега вработени и сопственици на Форевер бизнис од цел свет подготвиле над 3,8 милиони од ветените порции, но каузата има потреба и од вашата помош за да го исполниме ангажманот на Форевер. Решивме да ве насочиме така што создадовме четири убави картички кои ги претставуваат најомилените производи – гел од алое вера, Форевер кидс, пијалаците во Тетра пак пакување и програмата C9. Освен што се идеални за привлекување на нови клиенти, со купување на комплет од 4 бр. за 1,00 лв. директно придонесувате за кампањата на Форевер и „Да се исправиме против гладот".

Ви благодариме!



Секогаш со вас,
*Стефан и Тања Стаеви*



# Производ за вашите најмили

Дојде време децата повторно да се вратат во училишните клупи. По долгите летни денови во кои сме внимавале што јадат и сме се труделе да внесуваат овошје и зеленчук, на почетокот на учебната година почнуваме да се грижиме што ќе ручаат и земаат за ужинка на одморот во училиште.
Како да бидеме сигурни дека внесуваат оптимални количини од хранливите материи кои се клучни за нивното здравје и развој?

Ви предлагаме неколку совети:

1. Започнете го денот со хранлив појадок кој може да вклучува јајца, тост со полнозрнест леб, овесни снегулки со овошје, протеинско смути со овошје и јогурт.

2. Не заборавајте да ставите шише со вода и овошје во ученичката торба.

3. Оброците после училиште треба да бидат забавни мигови за растеретување од напорниот ден. Вклучете салата од сезонски зеленчук со секој ручек.

4. Додадете балансиран мултивитамински и мултиминерален производ

## Форевер кидс

Формулата на производот не содржи вештачки обојувачи и конзерванси, а фитонутриентите се извлечени од хранливи плодови како моркови, цвекло, брокули, спанаќ, сини боровинки, јаболки, брусници, домати, јагоди, тиква и поегзотичните и во последно време многу високо профилираните калинка, мангостан, асаи и гоџи бери. Природната арома на грозје ќе ви се допадне и на вас и на децата.

### Употреба

Деца од 2 до 6 години – една таблета дневно
Деца над 6 години – две таблети дневно.
За возрасни - четири таблети дневно.








# Пет совети за успешни продажби



## 01 / ДОМАШНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ

Традиционален, но ефективен начин за директни продажби. Домашната презентација на производи генерира доходи и треба да се ангажирате да правите најмалку една на месец. Така се почнува со градење на стабилен бизнис. Ако сте нов СФБ, ви препорачуваме да направите две презентации во првиот месец – една навечер и една претпладне. Поканете ги луѓето и на двете, за да можат да си изберат кога да дојдат. Дајте им почетен и краен час, за да знаат дека можат да си тргнат во одреден момент и користете картончиња со белешки како потсетник. Така, ако некој од гостите реши да се вклучи ќе види дека и тој може лесно да го прави истото. Ако решите да давате бесплатни пакетчиња со мостри, направете го тоа на крај, откако гостите купиле производи. Не е потребна сложена програма, едноставно говорете со гордост за производите и со ентузијазам за компанијата.

## 02 / ПАКЕТИ ЗА ПРОБА

Што сакате да пробаат клиентите и како сакате да ве запомнат? Пример, може да вклучите пакетче чај со цветовите алое, месечното списание на Форевер или друго по избор од печатените материјали. Секогаш размислувајте за искуството кое им го предлагате на луѓето. Можете да ги претставяте производите на различни начини. Кога сте со луѓето и ги слушате што споделуваат, може да слушнете дека некој спомнува нешто кое буди кај вас желба да му дадете да проба некој продукт. Ова е погоден момент за пакетите за проба. Може да кажете: „Се надевам немате ништо против, но го слушнав вашиот разговор, а во колата имам нешто соодветно за вашиот случај." Пакетчињата за проба се фантастични и кога некој ќе ја откаже бизнис можноста. Може да кажете: „Знам дека бизнисот не е за секого, но производите се. Дајте ми адреса и во знак на благодарност ќе ви испратам мало пакетче со производи за да ги пробате."

## 03 / ПРЕПОРАКИ

Препораката од клиент е најголемата чест за еден професионалец. Личното споделување е најважно и начинот на кој се грижите за клиентите може да влијае на истото. Еве едноставна формула: „Кој од вашите познати може да има корист?" Никогаш не прашувајте: „Дали познавате ...", бидејќи можат да ви одговорат негаторски, додека „кој друг од вашите познати..." ќе доведе до препорака. Ништо не може да покаже поголемо влијание врз некого од препорака од пријател. Затоа довербата и искреноста во бизнисот се најважни. Бидете добар човек насекаде, никогаш не знаете до каде може да доведе дадена ситуација!

## 04 / МИНИ ДЕГУСТАЦИИ

Може да правите мини дегустации по спортски или фитнес активности. Нема потреба да продавате ништо, одете со табла мини чашки за еднократна употреба во кои сте сипале голтка гел од алое вера/ Арги + / Форевер лајт ултра и делете ги со визит карти. Вакви мини дегустации помагаат за популаризирање на производите.

## 05 / НОСЕТЕ ПАКЕТ

Земете пакет – C9 / F15 / Витал5 / Фаст старт – и носете го насекаде! Треба да е полн со производи, зошто каде и да отидете, луѓето ќе ве прашуваат „што има во кутијата"? И вие одговарате: „ Да ви покажам..." Ова е лесен начин за популаризирање на Форевер и за градење на доверба во производите. Секогаш носете визит карти, а ако немате, побарајте Фејсбук профил на човекот и додајте го во вашата група. Во секој контакт има потенцијал и неговиот развој може да ве изненади.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУЛИ 2019 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ампова Благица
2. Ангеловска Весна
3. Бошнакова Кристина
4. Божинова Павлина
5. Браимович Феринаѕе
6. Буова Верица
7. Василева Емилија
8. Велија Зана
9. Велковска Соња
10. Гиновска Мартина
11. Давитковски Трајче
12. Деари Арсим
13. Денковски Марио
14. Димитровска Соња
15. Димова Оливера
16. Динева Андријана
17. Доневски Горан
18. Ѓоргиева Викторија
19. Зафиров Трајко
20. Заовска Милена
21. Златковска Трпкова Сузана
22. Илиевска Ангеловска Сања
23. Илова Билјана
24. Исмаилова Станка
25. Ивановиќ Јасмина
26. Јовановски Коста
27. Кајтазов Иван
28. Кекенов Пере
29. Кипријановска Андријана
30. Кнежевиќ Соња
31. Коцева Данијела
32. Костадинова Билјана
33. Краљевска Маја
34. Кузмановски Александра
35. Механџиска Сузана
36. Михајловиќ Марија
37. Миладиноски Зоран
38. Милосављевиќ Николија
39. Мирчевска Дамјановска Снежана
40. Митева Соња
41. Момировски Марко
42. Мурџева Сијче
43. Настеска Сања
44. Наумовска Бисера
45. Наумовска Наташа
46. Наумовски Марко
47. Николоски Христина
48. Орешкова Софија
49. Петрушевиќ Маријана
50. Поповска Зафировска Марија
51. Постолова Поповски Весна
52. Рахмани Асмире
53. Ринцева Даниела
54. Ризова Кристина
55. Рунчева Мирјана
56. Сејфула Орхан
57. Спироска Василка
58. Станчева Рената
59. Стефановски Драган
60. Стојанова Марија
61. Стојановиќ Христина
62. Стојановска Анета
63. Стојческа Цветанче
64. Стојмановска Тортевска Елена
65. Трајаноска Снежана
66. Трајковска Маја
67. Филиповска Сања
68. Христова Саздова Даниела
69. Целчева Маја
70. Џалева Демири Славица
71. Шабани Арлинда

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 2**

Алексовска Мери
Апостолоски Александар
Кајтазова Босилка
Ристовска Соња
Стојчевска Александра
Сулејмани Бејтуле

## SUCCESS DAY

**19.10.2019**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток 11 часот**

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Блага Крстеска | 2. Вера Златковска |
| 3. Славица Донакова | 3. Славица Донакова |
| 4. Вера Златковска | 4. Жарко Георгиевски |
| 5. Стевица Димовска | 5. Елена Гелевска |
| 6. Слафко Михајловски | 6. Слаѓана Маџова |
| 7. Др.Снежана Контра | 7. Др.Роза Гелевска |
| 8. Катерина Трајчевска | 8. Бејтуле Сулејмани |
| 9. Елена Гелевска | 9. Горан Давитков |
| 10. Жарко Георгиевски | 10. Линдита Амити |

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница Forever Living Products, MK за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.